## IN MEMORIAM



## ТОДОР ШОПТРАЈАНОВ

На 8 јули 1977 година почина Тодор Шоптрајанов, долгогодишен просветен работник, познат историчар и револуционер.

Тодор Шоптрајанов е роден во Титов Велес на 9 јануари 1901 година. Основно и средно образование завршил во Велес и Скопје, а Филозофски факултет — Група историја во Скопје. Уште како ученик, тој се вклучува во напредното комунистичко и работничко движење во Велес и во Скопје, а потоа работи на реорганизирањето на синдикатите, СКОЈ и Независната работничка партија (комунисти), односно КПЈ, и во други градови во Македонија. Најпрвин станува покраински секретар на СКОЈ, па потоа покраински секретар на КПЈ за Македонија. Работи на организирање партиската техника при што, меѓу другото, со Велешката партиска организација го издава партискиот орган „Искра", печатен на македонски јазик.

Во стара Југославија, Тодор Шоптрајанов бил професор во гимназијата во Лесковац, Беране (Ивангград), Куприја, Чачак и Прокупље, каде што земал активно учество во дејноста на КПЈ. Заради својата револуционерна дејност, Тодор Шоптрајанов постојано бил преместуван „по казна" од едно место во друго и дури отпуштен од државна служба, а често бил во опасност и физички да биде ликвидиран.

За време на фашистичката окупација на нашата земја, Тодор Шоптрајанов активно ја помагал НОБ. Меѓу другото бил член на првиот НО Одбор во Скопје, што нелегално дејствувал се до ослободувањето на градот.

По ослободувањето Тодор Шоптрајанов бил прочелник за просвета при НО Одбор во Скопје, па началник за кадрови при Министерството за рударство и индустрија при Владата на НРМ, потоа началник за кадрови во Министерството за рударство и индустрија при Владата на

ФНРЈ во Белград. Извесно време бил професор по историја во Титов Велес и Скопје и најпосле меѓу првите станува професор по историја на Вишата педагошка школа, односно Педагошката академија „Климент Охридски" во Скопје, каде останува се до пензионирањето во 1965 година.

Неговата наставно-педагошка дејност на Педагошката академија е мошне интензивна и разноврсна. Тој е член на првата Комисија во НРМ за изведување на првите стручни испити за наставниците по историја. Бројни генерации историчари хоспитирале под негово раководство, користејќи го неговото богато искуство во педагошката практика, а потоа, со стекнатите знаења и умеења, ја исполнувале поефикасно својата наставно-педагошка функција на теренот. Тодор Шоптрајанов учествува во составување програми по историја за училиштата од прв и втор степен. Тој е автор на повеќе учебници и помагала по историја за средните училишта како и на повеќе статии, написи и други прилози посветени на работничкото движење во Македонија или на историјата на македонскиот народ. Освен на други трудови, Тодор Шоптрајанов е автор на монографија на Велешката гимназија: „Сто години на гимназијално образование во Велес".

За својата работа повеќе пати тој е одликуван и добил повелби за благодарност.

Од Редакцијата